# ЛАФ - МУАБЕТ

## НАЈРОМАНТИЧНИТЕ КРАЛСКИ ДВОЈКИ



Прогласени се за најатрактивна кралска двојка, идниот крал и кралица на Данска, принцот Фредерик и принцезата Мери.



Иако нејзиното минато беше контроверзно, тоа не го спречи норвешкиот престолонаследник да се ожени со неа: принцот Хаакон и принцезата Мете-Марит.

Најубавата холандска бајка: принцот Вилхем Александер и принцезата Максима.



Уживајќи на топлото сонце на плажата во Марбела, шведската принцеза Меделин мина незаборавни моменти со своето момче Јонас Бергстром.



Се најавува дека првата кралска свадба, од големото поколение на кралицата Елизабета II, ќе биде онаа на нејзината внука Зара Филипс и нејзиното долгогодишно момче, рагбистот Мајк Тендел.





Уште една норвешка двојка, која плени со својата убавина и грациозност: принцезата Марта Луиз и писателот Ари Бен, на нивната венчавка во 2002 година.

## ГЛЕН КЛОУЗ СЕ ОМАЖИ



Најновите вести говорат дека актерката Глен Клоуз се омажи за својот долгогодишен партнер Дејвид Шо. Актерката, во последно време позната по улогата во "The shield", во интимна семејна атмосфера во Мејн го даде својот благослов за стапување во брак. Клоуз (58) пет пати беше номинирана за престижната награда Оскар, последен пат за "Опасни врски" во 1989 година. Таа има 17-годишна ќерка, Ени, од нејзиниот претходен брак. Ова е трет брак за Глен Клоуз.

## ЏОРЏ КЛУНИ ПОЧЕСТЕН СО ФИЛМСКО ПРИЗНАНИЕ



Неодамна, најпосакуваниот холивудски ерген, Џорџ Клуни, присуствуваше на интернационалниот фестивал во Санта Барбара, за да го подигне признанието за посебни достигнувања во филмската уметност. Несомнено Џорџ Клуни ќе биде ѕвезда и на претстојните оскари, каде Академијата му додели дури 3 номинации за оваа престижна награда, една за споредна улога во политичкиот филм "Сиријана", две за режија и за сценарио за филмот "Добра ноќ, и со среќа".

Подготвила:
**Ружица ГОЧЕВСКА**